# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ

# NJOFTIM PËR FILLIMIN E PROCESIT TË PËRGATITJES SË PROPOZIMLIGJIT PËR MBROJTJEN E TOKËS

| | |
|---|---|
| **Назив на министерството/ Emri i ministrisë** | Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)<br>Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor (MMPH) |
| **Назив на предлог на законот/ Titulli i propozimligjit** | Предлог на Закон за заштита на почвите<br>Propozimligji për mbrojtjen e tokës |
| **Краток опис на проблемот** | Поради својата топографија и климатски карактеристики, Република Северна Македонија се повеќе е подложна на деградација на земјиштето. Планинскиот и стрмен терен е особено подложен на водена ерозија, лизгање на земјиштето, порои и загуба на почвата. Дополнително, континенталната клима со топли суви лета и влажни, ладни зими ја зголемува оваа подложност. Воедно, и климатските промени сѐ повеќе ги зголемуваат овие ризици, а со тоа и веројатноста за суша и за зимски интензивни врнежи, што доведуваат до поголеми ризици од деградација на земјиштето, како и за ризици за безбедноста на луѓето.<br><br>Për shkak të topografisë dhe karakteristikave të saj klimatike, Republika e Maqedonisë së Veriut është gjithnjë e më e ndjeshme ndaj degradimit të tokës. Terreni malor dhe i pjerrët është veçanërisht i ndjeshëm ndaj erozionit të ujit, rrëshqitjeve të dheut, përrenjve dhe humbjes së tokës. Për më tepër, një klimë kontinentale me verë të nxehtë të thatë dhe dimër të lagësht e të ftohtë e rrit këtë ndjeshmëri. Në të njëjtën kohë, ndryshimet klimatike po i rrisin gjithnjë e më shumë këto rreziqe, dhe rrjedhimisht gjasat e thatësirës dhe reshjeve intensive të dimrit, të cilat çojnë në rreziqe më të mëdha të degradimit të tokës, si dhe rreziqe për sigurinë e njerëzve.<br><br>Дополнително, Република Северна Македонија нема сеопфатна законска рамка за управување и заштита на почвите, која би ја дополнил постоечката правна рамка за заштита на животната средина. Оваа состојба доведува до недостаток на конкретни мерки за управување и заштита на почвите во Република Северна Македонија, како еден од трите медиуми на животната средина.<br>Përveç kësaj, Republika e Maqedonisë së Veriut nuk ka një kornizë ligjore gjithëpërfshirëse për menaxhimin dhe |

mbrojtjen e tokës, e cila do të plotësonte kornizën ekzistuese ligjore për mbrojtjen e mjedisit. Kjo situatë çon në mungesën e masave specifike për menaxhimin dhe mbrojtjen e tokës në Republikën e Maqedonisë së Veriut, si një nga tre mediat e mjedisit.

За надминување на горенаведените предизвици и ризици, Програмата на Обединетите нации за животна средина (УНЕП) во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) го спроведуваат проектот „Промовирање на одржливо управување со земјиштето, преку зајакнување на правната и институционалната рамка, градење на капацитети и обновување на најранливите планински предели“.
Për tejkalimin e sfidave dhe rreziqeve të lartpërmendura, Programi i Kombeve të Bashkuara për Mjedisin (UNEP) në bashkëpunim me Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor (MMJPH) po zbatojnë projektin “Promovimi i menaxhimit të qëndrueshëm të tokës, duke fuqizuar kornizën ligjore dhe institucionale, ndërtimin e kapaciteteve dhe restaurimin e zonave malore më të cenueshme”.

Проектот ќе ја поддржи изработката на Предлог на Законот за заштита на почвите, со кој се очекува да се уредат мерките за спречување на намалувањето на функциите на почвата, опустинување и деградација како од природни негативни влијанија, така и човековите активности (земјоделство, рударството, градежништвото, вклучително и климатските промени, влијанието на водата, ветровите и др.).
Projekti do të mbështesë përgatitjen e Projektligjit për mbrojtjen e tokës, i cili pritet të rregullojë masat për parandalimin e zvogëlimit të funksioneve të tokës, shkretëtirëzimit dhe degradimit si nga ndikimet negative natyrore ashtu edhe nga aktivitetet njerëzore (bujqësia, xehtaria, ndërtimi, përfshirë ndryshimet klimatike, ndikimi i ujit, erërave etj.).

**Цел на предлог на законот/ Qëllimi i propozimligjit**

Предлог на Законот за заштита на почвите има за цел правно да ги уреди управувањето и заштитата на почвите како медиум на животната средина. За таа цел, со предлог на законот се очекува да се уреди користењето на почвите, мерките за зачувување на функциите на почвите и спречување на оштетувањето на функциите на почвите, намалување на ризикот од оштетување на функциите на почвите, заштита на почвите од нивно исчезнување, заштита на почвениот биодиверзитет, обновување на функциите на почвите, мониторинг на состојбата со почвите, категоризација на почвите и уредување на нејзиното користење,

| | |
|---|---|
| | административната рамка за управување и заштита на почвите, инспекциски надзор и финансирање на управувањето и заштитата на почвите.<br>Propozimligji për Mbrojtjen e Tokës synon të rregullojë ligjërisht menaxhimin dhe mbrojtjen e tokës si media e mjedisit. Për këtë qëllim, propozimligjit pritet të rregullojë përdorimin e tokave, masat për ruajtjen e funksioneve të tokave dhe parandalimin e dëmtimit të funksioneve të tokave, uljen e rrezikut të dëmtimit të funksioneve të tokave, mbrojtjen e tokës nga zhdukja, mbrojtja e biodiversitetit të tokës, rivendosja e funksioneve të tokës, monitorimi i gjendjes së tokës, kategorizimi i tokës dhe rregullimi i përdorimit të saj, korrniza administrative për menaxhimin dhe mbrojtjen e tokës, mbikqyrja inspektuese dhe financimi i menaxhimit dhe mbrojtjes së tokës. |
| **Временска рамка за изготвување на предлог законот/ Afati kohor për hartimin e projektligjit** | март 2024 – декември 2024 година<br>mars 2024 – dhjetor 2024 |
| **Засегнати страни/ Palët e tanguara** | Според Планот за вклучување и комуникација со засегнатите страни, засегнати страни од процесот на изработка и усвојување на Закон за заштита на почвите, се категоризирани во следните категории:<br>Sipas Planit për përfshirje dhe komunikim me palët e tanguara, palët e tanguara nga procesi i hartimit dhe miratimit të Ligjit për Mbrojtjen e Tokës kategorizohen në këto kategori:<br><br>▪ **Категорија 1 – Клучни чинители во управувањето со почвата:**<br>- Влада на Република Северна Македонија, Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Управа за животна средина, орган во состав на МЖСПП;<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Државен инспекторат за животна средина.<br>▪ **Kategoria 1 – Faktorët kryesorë të interesuar në menaxhimin e tokës:**<br>- Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut,<br>- Kabineti i Zëvendës Presidentit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut i ngarkuar për çështje ekonomike, koordinim të departamenteve ekonomike dhe investimeve |

- Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor;
- Drejtoria e Mjedisit, organ në kuadër të MMJPH
- Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Menaxhimit të Ujërave;
- Inspektorati Shtetëror i Mjedisit.

- **Категорија 2 – Влијателни чинители во управувањето со почвата:**
  - Собрание на Република Северна Македонија;
  - Секретаријат за законодавство при Владата на Република Северна Македонија;
  - Секретаријат за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија;
  - Министерство за финансии;
  - Министерство за правда;
  - Министерство за информатичко општество и администрација;
  - Министерство за здравство;
  - Институт за јавно здравје;
  - Агенција за лекови;
  - Министерство за економија;
  - Министерство за транспорт и врски;
  - Министерство за локална самоуправа;
  - Министерство за одбрана;
  - Министерство за внатрешни работи;
  - Центар за управување со кризи;
  - Дирекција за заштита и спасување;
  - Управа за хидрометеоролошки работи;
  - Единици на локалната самоуправа;
  - Регионални центри за управување со отпадот;
  - Биро за регионален развој;
  - Агенција за планирање на просторот;
  - Научни и образовни институции;
  - Геолошки завод на Република Северна Македонија;
  - Агенција за катастар на недвижности;
  - ЈП Национални шуми;
  - АД Водостопанство на Република Северна Македонија;
  - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
  - Фитосанитарна управа;
  - Агенција за храна и ветеринарство;
  - Невладини организации кои директно се вклучени во активности поврзани со заштита на почвите.
- **Kategoria 2 – Faktorët me ndikim në menaxhimin e tokës:**

- Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut;
- Sekretariati për Legjislacion pranë Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut;
- Sekretariati për Çështje Evropiane pranë Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut;
- Ministria e Financave;
- Ministria e Drejtësisë;
- Ministria e Shoqërisë Informative dhe Administratës;
- Ministria e Shendetesise;
- Instituti i Shëndetit Publik;
- Agjencia e Barnave;
- Ministria e Ekonomisë;
- Ministria e Transportit dhe Lidhjeve;
- Ministria e Vetëqeverisjes Lokale;
- Ministria e Mbrojtjes;
- Ministria e Punëve të Brendshme;
- Qendra për Menaxhimin e Krizave;
- Drejtoria për Mbrojtje dhe Shpëtim;
- Administrata për punë hidrometeorologjike;
- Njësitë e vetëqeverisjes vendore;
- Qendrat rajonale për menaxhimin e mbeturinave;
- Byroja e Zhvillimit Rajonal;
- Agjencia e Planifikimit Hapësinor;
- Institucionet shkencore dhe arsimore;
- Instituti Gjeologjik i Republikës së Maqedonisë së Veriut;
- Agjencia e Kadastrës së Pasurive të Paluajtshme;
- NP Pyjet Kombëtare;
- SHA Menaxhimi i Ujërave të Republikës së Maqedonisë së Veriut;
- Agjencia për mbështetje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural;
- Administrata Fitosanitare;
- Agjencia e Ushqimit dhe Veterinarisë;
- Organizatat joqeveritare që janë të përfshira drejtpërdrejt në aktivitetet që kanë të bëjnë me mbrojtjen e tokës.

▪ **Категорија 3 – Субјекти во управувањето со почвата:**
  - Индустриски инсталации кои поседуваат интегрирани еколошки дозволи;
  - Правни и физички лица кои поседуваат дозволи за вршење на ископување на минерални суровини;
▪ **Kategori 3 – Subjektet në menaxhimin e tokës:**
  - Impiante industriale që kanë leje mjedisore të integruara;

| | |
|---|---|
| | - Personat juridikë dhe fizikë që posedojnë leje për shfrytëzimin e lëndëve të para minerale;<br>▪ **Категорија 4 – Други засегнати страни и население**<br>- Јавност (население);<br>- Невладини организации од областа на животната средина (НВО);<br>- Национална федерација на фармери.<br>▪ **Kategoria 4 – Palët e tjera të tanguara dhe popullsia**<br>- Publiku (popullsia);<br>- Organizatat joqeveritare nga sfera mjedisore (OJQ);<br>- Federata Kombëtare e Fermerëve. |
| **Начин на вклучување на засегнатите страни** | Техниките на вклучување на засегнатите страни се избрани во зависност од националните барања во процесот на креирање политики.<br>Следните методи на вклучување се предвидени во Планот за вклучување на засегнатите страни:<br>▪ **Работна група** – која ќе се формира од МЖСПП и ќе вклучува стручни лица од засегнати страни кои ќе работат заедно за подготовка на предлог на Законот за заштита на почвите. Улогата на Работната група ќе биде консултативна и советодавна.<br>▪ **Работилници –** преку работилниците ќе се информираат и валидизираат законските решенија предвидени во предлог законот. Преку истите ќе се таргетират поширока група (Категорија 2 и Категорија 3) засегнати страни;<br>▪ **Состаноци за усогласување –** на кои ќе се усогласуваат ставовите со одредени засегнати страни,<br>▪ **Јавни расправи –** се насочени кон пошироката јавност и истите ги таргетираат граѓаните на Република Северна Македонија, научната јавност, невладиниот сектор и економските оператори. Пред јавните расправи, преку ЕНЕР и веб страната на МЖСПП, предлог законот ќе се става на **јавен увид** каде сите засегнати страни ќе имаат пристап и можност за искажување на нивните евентуални забелешки. |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | септември 2024 година |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на законот и нацрт извештајот за ПВР | www.ener.gov.mk<br>www.moepp.gov.mk |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се | infoeko@moepp.gov.mk |

| | |
|---|---|
| достават мислењата, забелешките и сугестиите: | |
| Одговорно лице за контакт со министерството | Билјана Петкоска, Раководител на Сектор за животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање<br>E-mail: B.Petkoska@moepp.gov.mk<br>Драгана Черепналковска, Помошник раководител на Секторот за Европска Унија<br>E-mail: D.Cerepnalkovska@moepp.gov.mk |
| Други информации | / |